# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 5 јануари 2019*

## „ШТО ГЛЕДАМЕ?“

Кога навечер ќе излеземе и ќе го погледнеме ѕвезденото небо, можеме да видиме безброј ѕвезди. Ако земеме двоглед, ќе видиме уште повеќе ѕвезди. Ако влеземе во опсерваторија и преку телескоп го гледаме тоа исто ѕвездено небо, ќе видиме толку светлечки ламбички на небесниот свод што воопшто нема да бидеме во состојба да ги изброиме. Ако тргнеме со вселенски брод во вселената, дури тогаш би можеле да сфатиме дека тоа што сме го гледале од Земјата било премало во однос на она што можеме да го видиме од вселената.

Исус сакал да му го врати видот на слепиот човек, го извел од селото и го прашал што гледа (Марко 8,22.23).

Сите ние сме различни. Некои од нас гледаат многу луѓе со кои можат да работи, а други не гледаат никого.

Читав за двајца трговски патници кои застапувале фабрика за обувки. Двајцата отишле во Африка. Првиот, кога видел дека во Африка сите одат боси, му се јавил на директорот на претпријатието дека бргу ќе се врати зашто таму не носат обувки. Другиот претставник стигнал во Африка и видел дека таму сите одат боси, го повикал својот директор и му порачал да му пратат што повеќе обувки зашто Африка е одличен пазар за нив бидејќи луѓето таму одат боси и ним им требаат кондури.

Многу често и самите ние сме такви. Не гледаме никого околу нас, кој би се заинтересирал за вистината. Сметаме дека сите луѓе меѓу кои живееме се осудени на смрт и дека никој не е достоен за спасение. Но, можеме да бидеме и како оној вториот трговски патник и во секој човек да гледаме потенцијален наследник на Небото.

На која група ние ѝ припаѓаме? Од тоа ќе зависи дали работиме мисионска работа или не.

Што мислите драги браќа и сестри, на која група ѝ припаѓа нашиот драг небесен Татко? Дали на првата или на вто-

рата? Еве го библискиот одговор: Јован 3,16.

Нашиот небесен Татко не рекол: Не вреди да го испратам мојот Син на Земјата, бидејќи сите отстапија од Мене и ми го завртеа грбот. Ако го избрале патот на непослушноста, нека им биде. Јас не сум крив за тоа. Тие самите го избраа злото. Тие сами и ќе бидат одговорни за своите дела. Што ќе си посеат, тоа ќе си пожнеат.

Не, нашиот небесен Татко не размислувал така, туку го испратил својот Син бидејќи видел какви можеме да станеме ние и другите преку Неговата милост и Неговата смрт. Тој нас не нѐ гледал какви сме, туку какви можеме да бидеме, и затоа го пратил својот Син. И ние треба на тој начин да ги гледаме луѓето. Тие можеби пцујат, го газат Божјиот закон и многу се далеку од божествените принципи на вистината. Навистина не се достојни за Божјето царство. Но, ако на нив гледаме така како што гледа Бог, тогаш во секој човек ќе видиме иден наследник на вечното царство на вистината. Според тоа, како ќе гледаме на луѓето што живеат околу нас зависи од нашата духовна состојба.

Како Божји народ треба да бидеме визионери. Ние сме всушност скулптори. Скулпторот зема парче камен кое не личи на ништо. Меѓутоа, тој има визија. Во тој камен тој гледа идна статуа која ќе биде величествена кога ќе се изделка. Тој ја започнува својата работа. Со денови и месеци го делка тој камен сѐ додека не се покаже она што го замислил и што видел во тоа праче камен.

Драги браќа и сестри, Господ нека ни помогне да можеме луѓето да ги гледаме како наследници на Небото, а од своја страна да направиме сѐ што можеме, како што го прави тоа скулпторот. Никогаш да не жалиме ни време ни труд. Секогаш да мислиме на она што бил подготвен нашиот Спасител да направи за нас. Тоа што ние го правиме е премалку во однос на она што Тој го направил. Да бидеме истрајни и трпеливи како скулптори. Да сочувствуваме со луѓето и да се обидеме да ги разбереме како што Исус има сочувство и нѐ разбира нас.

**Исус е најдобриот пример во мисионската работа**

Тој во пустината на гревот видел жито кое е зрело за жетва.

Во една прилика Исус Христос им рекол на учениците нешто неверојатно: - Нема да одиме по заобиколен пат, по кој Евреите обично оделе од Галилеја во Ерусалим, туку ќе одиме по најкраткиот пат од Ерусалим во Галилиеја, а тоа е патот кој води преку Самарија. - Можеби учениците се прашувале зошто мора да оди токму по тој пат, но Исус така одлучил и тие го следеле. Знаеле дека Самарјаните им се непријатели на Евреите. Не сакале некого да сретнат на патот и затоа брзале за што поскоро да поминат низ таа покраина. Среде Самарија Исус запрел кај Јакововиот бунар, а нив ги пратил во едно село да донесат храна. Токму овде? Зар нема подобро место да купат храна, мислеле тие.

Исус сакал да го започне проповедањето на евангелието во Самарија и затоа запрел таму. Знаел дека жената-самарјанка ќе дојде и дека тоа ќе биде мал почеток во ширењето на евангелието во тој крај. (Јован 4,27).

Учениците се изненадиле кога го виделе Исуса како разговара со жена која била Самарјанка. Во себеси веројатно си го кажувале она што не смееле јавно да го изустат: „Зошто разговараш со неа; зар не знаеш дека ние Евреите не разговараме со тие луѓе? Да читаме понатаму: „Зар вие не велите: 'Уште четири месеци и жетвата ќе дојде! Еве, ви велам: подигнете ги своите очи и видете ги нивите како побелеле за жетва! Жетварот веќе добива плата и собира плод за вечен живот; да се радуваат заедно и сејачот и жетварот'" (Јован 4,35.36).

Исус зборува за нив неразбирливи зборови. Зошто? Тие за жал размислуваат сосема поинаку од Него.

За ова Духот на пророштвото вели: „Тој овде укажува на полето на евангелието, на работата на христијаните меѓу сиромашните и презрени Самарјани. Неговата рака била подадена и нив да ги собере во својата житница, тие веќе биле подгот-вени за жетва.

Спасителот бил слободен од секоја национална или каква било друга предрасуда. Бил подготвен благословите и предимствата дадени на Евреите да им ги стави на располагање на сите оние кои сакаат да ја примат светлината која Тој ја донел на светот. Да

се обрати и една единствена душа од темнината, од духовното слепило, Нему би му причинило голема радост. Она што не им кажувал за себе на Евреите, а на своите ученици им наредил да го држат во тајност, Христос сега сосем отворено го кажал на жената Самарјанка, зашто Оној кој сѐ знае, проценил дека таа тоа свое знаење правилно ќе го употреби и ќе стане орудие и преку кое и другите ќе ги доведе до спознавање на вистинската вера” (5БЦ 1134).

Да се поучиме од Исуса и да го прифатиме следниот совет: „Каде и да одите, носете светлина. Покажете дека сте цврсти во намерите, а не неодлучни... Трудете се на прво место да поправате и да подигате, да ги ослободувате душите од зло, а не да критикувате и да бидете незадоволни.

Молете се и кротко и понизно уверувајте ги оние кои се спротивставуваат. За една душа истргната од заблуда и донесена под Христова заштита, целото Небо ќе се радува, а на вашата круна ќе биде додадена нова ѕвезда. Светото влијание, кое зрачи од една обратена душа, ќе ги води и другите кон спасение, а на тој начин делото ќе добие размери кои ќе се откријат дури на судниот ден.

Не двоумете се да работите за Господа мислејќи дека можете да направите само мали и безначајни работи. Верно извршете го она малку што можете да го направите и Бог ќе ги здружи своите напори со вашите. Ќе го напише вашето име во Книгата на животот, ќе бидете достојни да влезете во радоста на својот Господар. Да се молиме сесрдно на Господа да подигне работници, зашто полињата се зрели: „Жетвата е голема, а пратеници има малку“.

Вашите таленти ќе се намножат со употребата во служба на Господа. Тогаш ќе ги цени Оној кој ги откупил по скапа цена. Не бидете мрзливи оправдувајќи се дека не сте способни за големи работи. Работете сѐ што ќе ви дојде при рака, но работете совесно и енергично.

Христос ги повикува доброволците да застанат под неговото знаме и да го понесат барјакот на вистината пред светот. Црквата копнее за помошта на младите кои храбро ќе сведочат за вистината, кои со нивното огнено одушевување ќе ги разбудат

заспаните енергии на Божјиот народ и на тој начин ќе го зголемат нејзиното влијание во светот“ (Порака до младите христијани, стр. 7.8).

Исус го видел зрелото жито за жетва таму каде што учениците виделе само пустелија. Да се научиме да гледаме како што гледал Исус. Насекаде околу нас живеат луѓе кои не го познаваат патот на спасението. Тие се осудени на смрт. Да појдеме и на тие луѓе да ум го покажеме патот на спасение.

Некогаш луѓето не нѐ разбираат. Можат да станат наши непријатели кога сакаме да им помогнеме. Тоа нека не нѐ обесхрабри.

Исус овде не зборува за физичка жетва туку за духовна. Тој ги повика да го подигнат својот поглед и да го видат мноштвото кое доаѓа поради сведоштвото на една распуштеница. Таа прво му го предала својот живот на Бога и веднаш била подготвена својата радост да ја сподели со оние што ги познавала. Навистина тие луѓе ѝ поверувале најпрво на неа, а потоа на Исуса.

Кој можел да оди на чело на таа група луѓе? Таа, Самарјанката. Учениците намуртено ги гледале овие луѓе, Самарјаните, затоа што во нив виделе само непријатели. Зар и ние понекогаш не ги гледаме луѓето на ист начин? Тој ден учениците никогаш не можеле да го заборават. Тогаш разбрале дека Исусовите соработници треба да имаат широко срце кон сите луѓе. Тогаш увиделе дека кај нив требало да дојде до сериозна промена. Дали го увидуваме и ние тоа? Овие зборови на Исуса Христа и денес се многу современи (Матеј 9,37.38).

Драги браќа и сестри, времето е кратко. Христовото доаѓање е близу. Има многу луѓе кои сѐ уште не го познаваат патот на спасението. Дали сме подготвени да тргнеме и на секој човек да му кажеме она што денес нѐ направило среќни? Денешнот ден нека биде ден на одлука за сите нас. Да не седиме повеќе со скрстени раце и да чекаме убава иднина затоа што работата која ни е доверена никој друг не ќе може да ја заврши. А ако сакаме да ги слушнеме зборовите на Исуса Христа: „Добро, слуго добар и верен! Во малку ми беше верен, над многу ќе те поставам, влези во радоста на својот господар“ (Матеј 25,21), тогаш да станеме, зашто житото е зрело за жетва.

*Сабота, 2 февруари 2019*

## ВИСТИНСКИ ВЕРНИЦИ НА БОЖЈАТА ЦРКВА

Бог има своја црква во денешниот свет. Тоа е неговата црква на остатокот – последната црква која наскоро радосно ќе го поздрави Христа кога по втор пат ќе дојде на Земјата.

Ние денеска не сме на светот само за да постои уште една верска заедница повеќе. Ние сме овде затоа што Бог има вест која сака да му ја објави на светот во ова последно време. Ние веруваме дека таа вест го извршува своето дело на сите континенти, приготвувајќи ги мажите и жените, момчињата и девојките и децата за доаѓањето на нашиот Господ во мошне блиска иднина.

Во сите верски заедници има добри луѓе, побожни, кои го сакаат својот Господ над сè. Има и такви кои не припаѓаат на ниту една црква, а сепак го почитуваат Бога според светлината што ја примиле. И тие се вистински Божји деца, иако засега не се припадници на неговата видлива црква на земјата.

Исус зборува за своите овци што се наоѓаат во други трла:

„И други овци имам, што не се од овој овчарник; и нив треба да ги доведам, па ќе го слушаат Мојот глас и ќе биде едно стадо и еден Пастир.“ (Евангелие според Јован 10,16)

Гласот на големиот Пастир упатен на овците се слуша како ги повикува своите вистински следбеници да излезат од светот, да се вратат. Илјадници секоја година го прифаќаат неговиот повик:

„Моите овци го слушаат Мојот глас, и Јас ги познавам, и тие идат по Мене.“ „Пилат на тоа му рече: „Сепак си Цар?” Исус одговори: „Ти велиш дека Сум Цар. Јас се родив за тоа и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој - кој е од вистината - го слуша Мојот глас.“ (Јован 10,27; 18,37).

И во црквата и надвор од неа мора да се изврши големо дело за подготовка на луѓето – да го сретнат својот Господ кој наскоро ќе дојде. Околу нас се наоѓаат милиони луѓе надвор од црквата – мноштво кое сè уште не го запознало Исуса Христа. Некои од нив се наоѓаат  близу до нас, дури и во нашите семејства. Што правиме ние сега за да им ја однесеме на тие лица Божјата

последна вест, за нивното срце да затрепери од светоста на Божјите барања, да ги повикаме да станат овци во стадото на големиот Пастир. Ова се прашања преку кои не смееме лекомислено да преминеме.

Мнозина, чиишто имиња се наоѓаат во црковните книги, не се подготвени да се сретнат со својот Спасител лице в лице. Апостол Павле рекол:

„Но не треба да се мисли дека пропадна Божјото слово; зашто не сите, кои водат потекло од Израел, се вистински Израелци“ (Римјаните 9,6)

Постојат многу верници чиешто срце му припаѓа на светот. Малку има такви чиешто срце е соединето со Божјето во објавувањето на Божјата свечена, завршна задача.

Постои песна за која треба да размислиме. Нејзиниот наслов е: „Какви чудни луѓе се тоа” и гласи вака:

„Има луѓе кои зборуваат за молитвата...
но никогаш не се молат.
Луѓе кои велат дека е право да се дава десеток...
но никогаш не даваат.
Луѓе кои би сакале да ѝ припаѓаат на црквата...
но никогаш не доаѓаат во неа, ниту ја потпомагаат.
Луѓе кои велат дека Библијата е вистинска Божја реч упатена до човекот... но никогаш не ја читаат.
Луѓе кои тврдат дека вечноста е многу поважна од поминливоста... но кои живеат само за поминливоста.
Луѓе кои кај другите го критикуваат она што
и самите го прават.
Луѓе кои ја напуштаат црквата од безначајни причини...
а гласно пеат ‘Јас го сакам Исуса’.
Луѓе кои цел живот го следат сатаната...
а очекуваат да го наследат небото кога Исус ќе дојде.
О, колку се чудни тие луѓе!”

Му благодарам на Бога што ова не е опис на целиот Божји народ денеска, па дури ниту на мнозинството верници во црквата. Но, ако се случи вие да бидете меѓу оние што „не се сите Из-

раелци“, „чиешто срце му припаѓа на светот“, јас сериозно ве повикувам денеска со молитва да го разгледате својот нарушен однос со Христа и „својата служба и избор да ги утврдите“ (1. Петрово 1,10).

Дали навистина сме дел на Божјата црква? Дали навистина сме подготвени да го пречекаме својот Спасител кога ќе дојде? Ова не се одредува само со формалното запишување во црковните книги. Името, запишано во книгата на црквата не е гаранција дека навистина во Божјите очи сме дел на Христовото тело.

Не името, туку зрелоста на христијанскиот карактер, Христовата праведност, засметана и дадена, одредува дали сме Христови и дали е Тој наш - дали во негови очи сме вистински духовни верници на неговата црква на остатокот.

**Што навистина значи да се припаѓа на Христовата црква?**

Каква црква Христос сака да земе кога наскоро ќе дојде? Павле одговара на тоа прашање во своето послание упатено до црквата во Ефес:

„И да ја претстави пред Себе славната Црква, која нема дамка, ниту брчка, или нешто слично, за да биде света и непорочна“ (Ефешание 5,27).

**Три важни вистини:**

Прво, претстои време кога Божјиот народ ќе мора да застане пред Судијата на вселената без посредник. Сега Исус уште стои како наш застапник. Тој ја заложува својата крв, својата праведност за своите верници. Кога веќе ќе нема посредник, оние што ја искористиле засметаната и дадената праведност, ќе можат да се најдат верни, без мана и дамка кога Исус ќе дојде.

Второ, тие вистински припадници на Божјата црква станале победници со милоста и со силата на Христа кој живее во нив. Таа милост им помогнала да ги совладаат и своите вкоренети лоши навики и омилени гревови. Ова искуство во Христа тие мора да го доживеат пред второто Христово доаѓање.

Трето, ние мораме да го извршиме својот дел од работата. Со

Божја милост и со трудољубиви напори ќе излеземе како победници од големата борба меѓу Христа и сатаната. Спасоносната милост, силата, истрајноста, проштавање, посветувањето - сето тоа ни го дава Бог. Одлуката, покајанието, признавањето на гревот, верата и послушноста, претставуваат наш придонес. Кога навистина ќе ги стекнеме обата овие дела на исто искуство на подготовка за Христовото доаѓање, тогаш стануваме вистински припадници на Божјата црква на остатокот. И кога оваа работа ќе биде завршена, Христовите следбеници ќе бидат подготвени за неговото доаѓање.

**Ветена ни е помош**

Еве ги ветувањата што ни се дадени во нашата борба против лукавиот: (Да прочитаме:)

1. Коринќаните 15,57
2. Петрово 2,9
1. Коринќаните 10,13
2. Коринќаните 12,9
Ефесците 3,16
Исаија 55,1

Ниту еден од оние кои истрајно се искачуваат по скалите нема да биде лишен од влезот во небесниот град!

Браќа и сестри, Бог ве повикува да се уверите дали навистина сте вистински членови на неговата црква, дали живеете победнички живот. Ако ви опаднала силата, ако духовно сте слаби и ако ви е потребна нова сила, заблагодарете му на Бога што и за вас има помош. Сите овие ветувања што ги читавме се однесуваат и на нас.

Има и такви кои своето влијание го ставаат во служба на оние што ја уриваат црквата, велејќи дека сакаат да ја реформираат. Можеби мислат дека му служат на Бога следејќи некој свој пат. Можеби навистина се чесни во својата погрешно насочена ревност. Не можеме да ги проценуваме побудите, но секој што ја урива црквата се наоѓа на погрешен пат и тоа ќе биде еден од знаците на последното време.

„Зашто ви кажаа: „Во последно време ќе се јават потсмевнувачи, кои ќе живеат според своите безбожни страсти“ (Посланието на Јуда 18).

Никој не може да биде подготвен за Христовото доаѓање сè додека се изделува и критикува. Оправдувањето со вера не раѓа критицизам и горчина. Тоа го засладува животот и карактерот го прави сличен на Христовиот: љубезен, трпелив, полн со разбирање и добрини. Тоа изградува. Тоа не урива.

**Заклучок**

Секој од нас е повикан да биде сол на земјата, Божји избраник кој од ден на ден се труди да му служи на Бога и со својот живот на сите со кои се сретнува да им зборува каков Спасител има.

И оваа сабота на сите да им покажеме на чија страна се наоѓаме. Да решиме денеска не само да живееме за Господа, туку и да работиме за него, така што Божјата црква на земјата што побргу да стане Божја црква на небото и засекогаш да бидеме во друштвото на спасените, крај нашиот Спасител!

Кој ќе донесе ваква одлука?

*Сабота, 2 март 2019*

## СВЕТЛИНА ВО ТЕМНИНА

Воведен и главен стих за оваа проповед наоѓаме во книгата на пророк Исаија 60,2.

„Мрак ќе ја покрие земјата и темнина народите, а тебе ќе те осветли Господ и славата негова ќе се покаже над тебе.“

Овој стих е напишан во идно време: МРАК ЌЕ ЈА ПОКРИЕ ... ТЕБЕ ЌЕ ТЕ ОСВЕТЛИ ГОСПОД... СЛАВАТА НЕГОВА ЌЕ СЕ ПОКАЖЕ. Сите овие мисли се искажани во идно време, но имаат заеднички почеток. Врз основа на овие зборови да си поставиме неколку прашања.

**1. Дали се наоѓаме во периодот на мракот?**

Еве еден цитат од вдахновеното перо: „Кога луѓето ќе му го свртат грбот на откровението што му го дал Бог на човекот, кое како светлина свети од Божјиот закон и од Библијата, тогаш без сомнение мрак ќе ја покрие земјата и темнина народите."

Кога ќе дојде тоа време? Дали тоа време е иднина или сегашност? Ако сметаме дека нашата сегашност е тоа време, природно е дека ни се наметнува едно друго прашање: Дали сме осветлени со Господовата слава? Дали светот ја гледа во нас таа блескава небесна светлина?

Пред да одиме понатаму, да го прочитаме текстот од Исаија 9,2:

„Народ кој одеше во темнина, виде голема светлина; оние што живееја во мрачна земја, ги осветли силна светлина".

Разгледувајќи ја пораката на овој текст, да си поставиме уште некои прашања: Што станува со нашата светлина? Што е со нашето спасение? Дали сме загрижени за својот живот и дали сме светлина која го осветлува овој темен свет? Дали е можно ние, кои ја имаме светлината, да не светиме? Исус во својата беседа на Гората на блаженствата рекол дека е можно свеќата да гори, но тоа да не се види.

Ако во овој период на мрак ние, кои ја имаме светлината на евангелието, не ја издигнеме високо таа светлина, неразумно е да се фалиме со неа, зашто од тоа нема да има никаква полза. Оној кој може да живее осветлен со светлината или кој самиот треба да биде светлина а не живее според таа светлина, му нанесува срам на Оној кој му ја дал таа светлина. Тоа е најголем пораз што може да го доживее оној кој се фали со светлината на евангелието и со познавањето на Божјата реч.

**2. „Речта Господова беше ретка..."**

Да погледнеме една слика од библиско време. Тоа било во времето на судиите кога Илија бил судија и свештеник. Да читаме: 1. Самоилова 3,10.19-21.

„Речта Господова беше ретка во тоа време...?" (3,1)

„...светилките Господови уште не беа изгаснати" (3,3)

Во светилиштето во тоа време редовно се вршела служба. Сѐ течело според вообичаениот ред, а Илија се однесувал според правилата на службата. Сѐ било во ред, само едно недостигало. Што? Речта Господова беше ретка!

Што значи тоа: беше ретка? Кога нешто нема, тогаш тоа станува вредно, драгоцено, скапо. Да си ја замислиме оваа сцена: се наоѓаме во Божјиот храм, сѐ е тука: музика, пеење, светлина, дарови, проповед... сѐ е тука, но ја нема Божјата реч! Фурнацијата е на своето место, печката е загреана, но нема леб. Фурнација кој нема леб не треба ни да го отвори дуќанот. Така е и со светилиштето. Сѐ било на свое место. Сѐ фукционирало, но речта Божја била ретка!

Дали Божјата реч е ретка и меѓу нас? Дали е ретка во мојот и во твојот живот? Дали е ретка во нашиот дом? Дали е ретка на нашето богослужение?

Можно е сѐ добро да функционира и сѐ да се одвива според утврдениот ред, но речта Божја навистина да биде ретка. Ова опоменува, но не дава надеж. Бог сака да нѐ разбуди во ова време на духовна ноќ. Единствено може да нѐ разбуди Божјата реч.

Библијата кажува дека стариот Илија, речиси слеп, спиел и дека и младиот Самоил спиел, но светилките не биле угаснати. Сите спиеле, само светлината верно си ја вршела својата задача. Тогаш, во такви прилики, Господ го повикува Самоила по име. Самоил ја слуша Божјата реч и трча до Илија, но тој го уверува дека нема никаков повик и го враќа на спиење. Така тоа се повторило неколку пати сѐ додека најпосле Илија не сфатил дека Бог проговорил. Повторно дошло охрабрување. Повторно засветила светлината на Божјата реч. Колку густа била духовната темнина за да не може да се распознава Божјата реч, Божјата светлина! Дали е можно светот денеска да биде притиснат со таква темнина за светлината да не може да проникне до него?

Извештајот на Светото писмо продолжува понатаму:

„Самоил уште не го познаваше Господа, и уште никогаш не му беше објавено Господовото слово“ (1. Самоилова 3,7).

Самоил служел, но уште не стекнал вистинско искуство со Бога и затоа не го препознал Господа. Сите ние му служиме на

Господа, но какво е нашето искуство со Бога? Дали го имаме? Можеби веќе долго не сме имале искуство со Бога? Можеби некогаш сме ги имале, додека денеска живееме само од старите искуства лишени од Божјата реч.

По овие настани во темната ноќ, во која сите спиеле, Самоил бил проникнат со свет немир. Го обзела желба да ја слушне Божјата реч и затоа му одговорил на Господа: „Зборувај, Господе, твојот слуга слуша!" До сега го слушав Илија. Тој е добар човек, но сега сакам да имам искуства со тебе, сакам да пијам вода од вистинскиот Извор.

Кога ќе ја чуе Божјата реч, кога таа ќе го осветли неговото срце, тогаш човекот се менува. Станува поинаков. Неговиот однос кон светот се менува. Неговиот однос кон најблиските исто така се менува. Неговиот однос кон самиот себе се менува. Да ги погледнеме резултатите од дејствувањето на Божјата реч во времето на Самоил, од светилката што ја запалил Бог:

„Самоил растеше, а Господ беше со него и не оставаше ниту едно негово слово да падне на земја. Сиот Израел, од Дан до Вирсавеа, созна дека Самоил е поставен за пророк Господов. Господ и натаму се јавуваше во Сило, зашто му се откриваше на Самоила преку словото Господово. И Самоиловото слово се расчу низ сиот Израел" (1. Самоилова 3,19-21).

Речта Господова не паѓа напразно. Таа секогаш доаѓа на вистинско место: во човечкото срце, во домовите, во браковите, во животот на секој верник поединечно, таа оди од врата до врата на срцето...

Ова искуство ни е потребно на сите нас. Еве што кажува за тоа Духот на пророштвото:

„Не смеме да губиме време. Крајот е близу. Наскоро патот за ширење на евангелието од место во место ќе биде полн со опасности од сите страни. Ќе биде сторено сè за да им биде се попречен патот на Господовите гласници, за да не можат веќе да го прават она што можат да го прават денеска. Мораме отворено да ѝ погледнеме на нашата работа в очи и да одиме напред колку што е можно побргу во ревносна христијанска борба. Благодарение на светлината што ми ја даде Бог, знам дека силите на

темнината дејствуваат одоздола со полна сила, додека сатаната со нечујни чекори се притајува да се фрли врз оние кои сега спијат, како волкот врз својата жртва. Ние имаме опомени кои мораме сега да ги упатиме и дело кое мораме сега да го завршиме, зашто наскоро ќе биде потешко отколку што можеме да замислиме“ (6T 22).

Наскоро на земјата ќе падне таква темнина која ќе го зачуди секој човечки ум. Каква ќе биде твојата и мојата светлина? Како и некогаш на Исус Навин, Бог нѝ заповеда:

„Само биди одлучен и храбар за да направиш сè верно според наредбите што ти ги даде Мојсеј, Мојот слуга. Не свртувај од тоа ни десно ни лево, за да ти биде среќно сè што ќе преземеш“ (Исус Навин 1,7).

„Иако во црквата има лоши појави и ќе ги има сè до крајот на историјата на светот, црквата во овие последни денови треба да биде светлина на светот кој поради гревот е морално упропастен. Црквата, колку и да изгледа е ослабена и полна со недостатоци, на која ѝ се потребни укори, опомени и совети, е единствениот предмет на земјата на кој Исус му подарува свое најголемо внимание“ (Сведоштва за проповедниците, стр. 49).

Како заклучок на ова проучување, нека послужат зборовите од Исаија 60,1:

„Стани, засвети, зашто твојата светлина доаѓа, над тебе блеска Господовата Слава.“

Сега е време да станеме! Сега е време светлината на Божјата реч да ја носиме и да ја шириме насекаде околу себе. Да го правиме тоа со помош на списанија, со книги, со помош на држење на библиски часови, со посети и тогаш ќе гледаме како сè повеќе и повеќе нè осветлува светлината на евангелието.

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
1/2019

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите на седмиот ден

*Коректура:*
Томе Трајков

*Одговара:*
Томе Трајков

*Превод и подготовка:*
Мелита Томовска

*За интерна употреба*